# ЖЕНА
## ликовни записи



ОД ЕТНОЛОШКАТА КОЛЕКЦИЈА НА ЛИКОВНИ
ДЕЛА НА МУЗЕЈОТ НА МАКЕДОНИЈА

Создавањето - моќта за изнедрување живот, живеењето со цел тој да се осмисли и изгради, елементот кој соз дава, а создаденото го облагородува: жената - создавачот, творецот на хуманиот универзум бил и останува вечна инспирација кај плејада познати уметници.

Жената е носител на традицијата пренесувана со поколенија, таа е мајка на традицијата, муза на творештвото. Уметникот е субјект кој ја поврзува и прави вечна - тој е спојот, врзовникот помеѓу минатото и денешнината.

Жената во народна носија, во поле, додека работи, го дои детето, во обичајниот живот - со веќе споменатата моќ да создава, да твори, влијае на уметникот кој таа го прави вечен.

Она што зрачи заслужува да биде запрено во мигот на блесок, кога минливоста е немоќна, но сепак присутна. Блесокот е тој што треба да се пренесе и да ја оствари комуникацијата на пораката која ја носи со себе - наменета за нас, будејќи го притоа генетскиот запис на пораката во нашите срца.



Целта на изложбата не е да ги нагласи уметничките вредности во сферата на македонската современа ликовна



*Лазар Личеноски, Галичанка*



уметност, бидејќи тие можат да се согледаат од изложените дела. Напротив, оваа мала тематска изложба има основна цел да ја оживее комуникацијата на уметничките дела со нејзините духовни консументи.

Застапени се македонски автори со различна генерациска припадност, различна ликовна техника и различен ликовен ракопис: импресионистичкото сфаќање, и лирскиот колорит кај Д.П. Аврамовски, експресијата во цртежот и бојата кај Н. Мартиноски, богатиот колористички дијапазон кај Л. Личеноски, ликовниот афинитет кон мотивот кај В. Коџоман, фолклорната стилизација и другите видови антиципација и надградба на фолклорната изворност кај Б. Лазески, М. Корубин, К. Ефтимова и другите, сè до префинетата рустикална реализација кај скулптурите на Митриќески и Аврамовска.

Овие ликовни дела, кои преку третираните мотиви се тематски инспирирани од традиционалниот живот на нашите простори, се своевиден патоказ за взаемноста на народниот бит со македонската ликовна уметност. За етнолошката наука тие имаат посебно значење, бидејќи се вреден и траен документ за традицијата, местото и улогата на жената во неа.

# *К А Т А Л О Г*

## Л И К О В Н И  Д Е Л А

*Димитар Пандилов - Аврамовски*

1 **Невести на чешма**
1926 г., масло/платно
44 x 34 см

2 **Чепкање на волна**
1949 г., акварел
31 x 44 см

*Лазар Личеноски*

3 **Галичанка**
1946 г., масло/шперплоча
40 x 32 см

4 **Галичанка**
1950 г., масло/картон,
40 x 33 см

*Никола Мартиноски*

5 **Крушевска гостинска соба - визита**
1954 г., масло/платно
84 x 127 см

6 **Две селанки од крушевска околија**
1950 г., масло/платно
83 x 77 см

7 **Девојка што седи**
недатирана
масло/стакло
55 x 26 см

8 **Циганска фамилија**
1968 г., цртеж, пастел
80 x 56 см

9 **Седната Циганка**
1966 г., цртеж/молив
34 x 24 см

10 **Свадба**
1967 г., цртеж/мастило
27 x 17 см

11 **Селско оро**
1954 г., цртеж/молив,
30 x 29 см

*Вангел Коџоман*

12 **Жетварки**
1979 г., масло/платно
41 x 58 см

*Катја Ефтимова*

13 **Жетва во Преспа**
1976 г., масло/платно
34 x 49 см

14 **Оро - тетовчанки**
недатирана,
масло/платно
62 x 93 см

*Борко Лазески*

15 **Плетачка**
1952 г., масло/картон
52 x 39 см

*Миле Корубин*

16 **Мавровка**
околу 1946 г.
масло/картон
99 x 69 см

*Јосиф Трајковски*

17 **Берење на овоштие**
1980 г., масло/платно
108 x 74 см

*Александар Настевски*

18 **Порта**
1979 г., масло/платно
75 x 60 см

*Јован Петров*

19 **Мотање на калеми во село Бегниште - тиквешко**
1971 г., масло/платно
63 x 84 см

20 **Печење на ракија во село Бегниште - тиквешко**

1980 г., масло/платно
43 x 54 см

21 Чепкање на памук на вител
1971 г., масло/платно
44 x 54 см

*Марија Данова*

22 Афизе
1981 г., масло/платно
79 x 59 см

## СКУЛПТУРИ

*Борка Аврамовска*

1 Каракачанка
1954 г., патиниран гипс
42 x 23 x 38

*Боро Митриќески*

2 Нижачка на тутун
197с5 г., мермер
50 x 43,5 x 24



*Никола Мартиноски, Циганска фамилија*

*На насловната страна: Борко Лазески, Плетачка*

*Спонзор на изложбата*
ИНВЕСТ БАНКА А.Д. - СКОПЈЕ

*Издавач:*
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА

*Главен и одговорен уредник:* Д-р Елеонора Петрова; *Автор на концепцијата и текстот:* Гордан Николов; *Стручен соработник:* Трпа Рогановиќ; *Ликовно-техничко уредување:* Трајче Димчевски; *Дизајн:* Гордана Георгиевска; *Фотографии:* Марин Димески; Скенирање и фотолити: ТОТЕМ, Печати: ДатаПонс; *Тираж* 500
*Скопје 1998*